АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 16.06.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2401 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност на Агенцијата административен надзор, реализиран по повод:
   - доставено Известување од страна на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) (наш арх.бр.03-1743/1 од 19.04.2022 г.) дека од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) му е донесено Решение за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид;
   - Известување од АЕК до Агенцијата за отповикани одобренија за користење на радиофреквенции на трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, бр.0805-178 од 14.04.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/1 од 27.04.2022 г.);
   - Службена белешка од Секторот за информатичка поддршка и општи работи до членовите на Советот на Агенцијата и до Директорот на Агенцијата, (наш арх.бр.03-1788/2 од 27.04.2022 г.), дека одредени трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, ќе бидат под административен надзор заради утврдување за емитување на радио програма до 18.05.2022 г.;
   - Допис -Барање информација од Агенцијата до АЕК, за доставување детални податоци за датумот на прием на решенијата за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции, како и датумот од кој радиодифузерите не емитуваат радио програмски сервиси, за одредени трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, и
   - Одговор-Достава на детални податоци од АЕК, Уп1 бр.0805-178 од 11.05.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/10 од 19.05.2022 г.), за датумот на прием на решенијата за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции, како и датумот од кој радиодифузерите не емитуваат радио програмски сервиси, за одредени трговски радиодифузни друштва, меѓу кои и за ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.

2. **Субјект на надзорот:** ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.

3. **Период опфатен со надзорот:** од 18.04.2022 година заклучно со 14.06.2022 година.

4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јуни 2022 година.

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, реализиран во периодот од 18.04.2022 г. заклучно со 14.06.2022 г., констатирано е дека ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид повеќе од 30 дена не емитува радио програмски сервис, што претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед дека Агенцијата не поседува технички можности за снимање на радио програмски сервиси на локално ниво, испрати Допис до АЕК, арх.бр.03-1788/3 од 28.04.2022 г. за добивање на информација за тоа од кој датум ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не емитува радио програмски сервис. На 19.05.2022 г. од АЕК до Агенцијата беше доставено Известување-Достава на детални податоци, Уп1 бр.0805-178 од 11.05.2022 г. (наш арх.бр.03-1788/10 од 19.05.2022 г.), при што Агенцијата беше известена дека првиот датум на мерење согласно распоред кога ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид не емитувало е 18.04.2022 г.

Во меѓувреме, претставниците на Агенцијата во повеќе наврати остварија службена телефонска и електронска комуникација со одговорниот уредник на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, кој изрази подготвеност на ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид да му престане важноста на дозволата по сила на закон, со доставување на Изјава заверена на нотар.

8. **Опис на прекршувањето:**
ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, престанало со емитување на радио програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

9. **Предлог мерка:**
Согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, се дава следната предлог мерка:

- да се покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог на Директорот на Агенцијата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***